ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-288/9**

**Дата: 20.04.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансискиот извештај на Сметката за Наменски дотации (937) на Општина Гевгелија за 2008 година, кој е прикажан на страна 3.

2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансискиот извештај на сметката за Наменски дотации (937) на општина Гевгелија, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :
   - Драги Делев – градоначалник на општина Гевгелија во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2, и да дадат мислење за финансискиот извештај од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на 03.02.2010 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансискиот извештај вистинито и објективно ја искажува финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е заснован на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансискиот извештај е ослободен од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансискиот извештај и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.1.1. Ставките Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените и Активни временски разграничувања се искажани во помал износ од 548 илјади денари, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради неевидентирани обврски за неисплатена бруто плата за месец декември 2008 година за лицата вработени во територијалната противпожарна единица на општина Гевгелија.
Ефектот од тоа е нереално искажани состојби во сметководството и Билансот на состојба за 2008 година.

**Препорака:**
Обврските за неисплатени плати кои се однесуваат за фискалната година во која се настанати да се евидентираат на соодветните сметки согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точка 10.1.1. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации (937) на Општина Гевгелија на ден 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење кај Сметката на Наменски дотации (937) на Општина Гевгелија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

Скопје, 19.04.2010 година — Овластен државен ревизор

**Општина Гевгелија – Сметка за наменски дотации-противпожарна единица (937)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 6.205 | 6.198 |
| **Вкупно приходи** | | **6.205** | **6.198** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1 | 6.205 | 6.198 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **6.205** | **6.198** |
| **Вкупно расходи** | | **6.205** | **6.198** |